Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 73, 30 јануари 2012 година

јануари 2012 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област радиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област анестезиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 8

**РЕФЕРАТ** за иизбор на наставник во сите звања за наставно-научната област имунохематологија и хематологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........14

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област анестезиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........36

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област интерна медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........40

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област математика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........44

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научната област романистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 47

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област меѓународно јавно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........50

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област пијано и методика на наставата по пијано на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........56

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научните и уметнички области теорија на музиката и композиција на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 63

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот-скрипта „Познавање на стоката“ од д-р Нако Ташков, доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика и д-р Ацо Кузелов, доцент на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 70

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Полјоделство” од авторите проф. д-р Љупчо Михајлов и ас. м-р Фиданка Трајкова од Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 71

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Органска хемија“ од авторот д-р Киро Мојсов од Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 75

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Основи на технолошко инженерство“ од авторот доц. д-р Винета Сребренкоска, Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 76

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот Вовед во право на ЕУ“ од д-р Љупчо Сотироски, доцент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 78

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот Право на ЕУ, правда и внатрешни работи“ од д-р Љупчо Сотироски, доцент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 82

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Кредитна политика“ (скрипта) од авторот доц. д-р Виолета Маџова, Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 86

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за е-скрипта „Физичкото воспитание и образование кај децата од предучилишната и раната училишна возраст“ од асистент д-р Билјана Попеска, Педагошки факултет, при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 89

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „КРЕДИТНА ПОЛИТИКА“ (СКРИПТА) ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р ВИОЛЕТА МАЏОВА, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како и Одлуката бр. 1702 – 314/3 од 20. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет, одржана на 15.11.2011 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Ристо Фотов, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,
– доц. д-р Крсте Шајноски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис со наслов **„Кредитна политика“ од авторот доц. д-р Виолета Маџова** за студентите од прв циклус студии на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

По предлогот на ракописот, Комисијата до Наставно – научниот совет на Економскиот факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Општи податоци за ракописот***

Најдобрите практики ширум светот вклучуваат постоење на детални пишани упатства, со кои се утврдат видовите на кредити понудени од страна на банките и постапката за прием и оценување на барањата за заеми. Во најголемм број случаи банкарската кредитна политика се манифестира во форма на детален пишан документ на неколку стотици страници.

Клучна причина за писмено формулирање на кредитната политика е намерата да се воспостават јасни процедури кои ќе претставуваат стандард за целата банка, така што проценката на ризикот, условите за кредитирање и сите кредитни операции можат да се реализираат во една унифицирана и единствена постапка. На тој начин, сите клиенти на банката ќе имаат еднаков третман во секоја филијала и кај секој службеник на банката.

Според тоа, писмено формулираната кредитна политика претставува клучна алатка преку која раководството го контролира најсуштинскиот дел од деловната политика на банката.

Ова од причина што кредитот претстваува еден од најстарите, но сè уште најдоминантен банкарски производ, а кредитните активности (во својата основна или развиена форма) опфаќаат најбројни операции и ангажираат најброен персонал на банката.

Во таа смисла, трудов има за цел да ги презентира основните елементи и категории од кредитната политика, односно: (1) да ги запознае со појмовното дефинирање на кредитот во економијата, а особено во банкарството, (2) да даде подетални класификации на видовите кредитни производи кои се предмет на избор на кредитната политика на банките, (3) да го презентира кредитниот процес кој подетално е предмет на специфицирање во кредитната политика на банката, (4) како и да даде посебен осврт на кредитната анализа, (5) процесот на управување со кредитниот ризик и (6) детерминирање на каматните стапки и други услови на кредитирање кои се предмет на третман во кредитната политика на секоја банка.

Скриптата е подготвена за потребите на студентите од Економски факултет, за студиската програма Финансиски менаџмент, застапена во IV семестар, со неделен фонд на часови 4 (2+1+1).

***Податоци за обемот на ракописот***

Проблематиката која е предмет на обработка во скриптата е претставена во текст од вкупно 122 страници, каде што се поместени над триесетина релевантни библиографски единици, периодични списанија и интернет страници. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонд Ariel, големина на буквите 12. Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

***Податоци за постоење на ист или сличен наслов***

Рецензентите имаат сознание дека веќе постојат книги и учебници со наслов „Кредитна политика“. Некои и се наведени во користената литература. Сите тие, повеќе или помалку, ја покриваат наставната материја од кредитната политика и кредитните процеси на банките од определен аспект. Вредно е што авторот, подготвува еден практичен сублимат на кредитните процеси, содржината на политиките на кредитирање кои се користат кај банките особено осврнувајќи се на политиката на управување на ризиците и ценовната политика на банкарските производи како паралелна спрега во која банките треба на најдобар можен начин да ги реализираат своите кредитни активности.

Ваквиот покомплексен пристап кон материјата од една страни и практичниот пристап кон проблематаиката на кредитирање од друга, и покрај постоењето на исти или слични наслови, го оправдува одобрувањето на скриптата, а го обврзува авторот наскоро да ја оформи во учебник.

***Краток опис на содржината***

Презентирањето на материјата во доменот на кредитната политика на банките е поместено во четири поглавја. Во првото поглавје се даваат основните појмовни аспекти на кредитот како најстар банкарски производ, односно карактеристиките и функцијата на кредитот, како и теориите што се развиле низ историјата за значењето и улогата на кредитот од микро и макро аспект. Прворо поглавје, во продолжениое се задржува на класификацијата на кредитите според повеќе критериуми, со посебен осврт на класификацијата и видовите на кредити од аспект на рочноста (краткорочни и долгорочни кредити) и од аспект на субјектите на кои кредитите им се одобруваат (корпоративни кредити и кредити за население) со нивна понатамошна класификација според некои специфики.

Второто поглавје зазема централно место во трудот, осврнувајќи се во детали на поединечните аспекти на кредитната политика во банките, содржината на кредитната политика и во таа смисла основните одредници за креирање на квалитетен кредитен микс на една банка, кој ќе обезбеди оптимална профитабилност со однапред утврдено и за банката прифатливо ниво на ризичност.

Посебен акцент во ова поглавје е даден и на процесот на кредитирање, со што на многу практичен начин се презентирани процедури и постапки за спроведување на процесот на кредитирање, како и овластувања и делегирање на надлежности во процесот на кредитирање и донесување на кредитните одлуки, кои содржински се опфатени со пишани одредби во кредитната политика на банките.

Имаќи го предвид значењето на анализата на кредитната способност на кредитобарателите при донесување на кредитните одлуки, во второто поглавје авторот детално ги презентира постапките и техниките за анализа на кредитната способност, кои имаат свои специфичности од аспект дали се донесуваат одлуки за одобрување на корпоративни кредити или кредити за население, како и дали се работи за одобрувае на краткорочни или долгорочни кредити. Тесно поврзано со кредитната анализа за оценка на кредитоспособноста се изворите на податоци до кои доаѓа кредитниот аналитичар, кои авторот ги дели на интерни (кредитна апликација, финансиски и други извештаи на кредитобарателот, кредитно досие на клиентот), како и екстерни (кредитни регистри, кредитни бироа, извештаи на јавни и државни институции, како и агенции за кредитен рејтинг). Во таа смисла, авторот појмовно ги толкува и ја презентира суштината и значењето

на секој од овие извори на информаци за квалитетно донесување на кредитни одлуки.

Иако значењето на колатералот како инструмент за намалување на ризичноста и донесување на квалитетни кредитни одлуки сè повеќе се менува, неоспорен е третманот што колатералот како таков треба да го има во кредитната политика на банките. Во таа смисла, авторот ги презентира видовите колатерал  и значењето што секој од нив го има, при одлучување на доделување на некои видови кредити.

Кредитните ограничување се особено важен сегмент во кредитната политика. Поради тоа на многу јасен и детален начин се презентирани формите на кредитни ограничувања кои банките ги инкорпорираат во своите кредитни политики. На крајот на второто поглавје се презентирани активностите на следење на извршувањето на кредитите, како и одредби со кои во кредитните политики на банките се регулираат постапките за решавање на проблематични кредити.

Третото и четвртото поглавје се само две посебни сфери кои кредитната политика особено ги третира, а тоа се прашањето на ценовната политика, која ќе обезбеди очекуван профит и оценката за ризичноста на портфолиото и управувањето со кредитниот ризик како најтрадиционален, но сè уште најизразен банкарски ризик.

Во таа смисла се презентирани основните детерминанти за одредување на цената на кредитите, како и методите кои ги познава банкарската теорија и пракса за пресметка на цената на кредитите со цел да се задоволат апетитите на банката за таргетираната профитабилна стапка.

Од друга страна во четвртото поглавје се разгледува суштината на кредитниот  ризик, фазите на управување со кредитниот ризик и политиките на управување со кредитен ризик.

На крајот е презентиран и процесот на ревидирање на кредитните политики кои банката е должна постојано да ги прави, пред сè поради постојаните динамичните услови на стопанисување на клиентите на банките од една страна , како и поради се поголемиот и постојан прогрес во сферата на банкарскиот сектор , за кој кредитните политики на банките мораат да најдат најсоодветно решение, правилно да го водат и насочуваат банкарското работење во сферата на кредитирањето.

## З А К Л У Ч О К

Трудот на д-р Виолета Маџова претставува рационално структуиран сублимат на една широка тема од сферата на кредитирањето, која на студентите на многу едноставен начин им ги претставува како основните појмови на кредитирањето и кредитните процеси, така и спецификите кои се однесуваат на формирањето на оценка на кредитната способност, одредувањето на цените на кредитите и управувањето со ризиците, како најголема закана за квалитетот на кредитното портфолио.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Ристо Фотов, вонреден професор, с.р**
**Д-р Крсте Шајноски, доцент, с.р**